ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0307-3422/1
Дата, Data 07-05-2020
СКОПЈЕ - SHKUP

ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-2163/1
07-05 2020 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

меѓу Општина Центар-Скопје и ЈП „Водовод и канализација“-Скопје во врска со обезбедување услуги за водоснабдување и одведување на отпадни води на граѓаните на Општината

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Страни и претставници на страните

Страни и претставници на страните што се согласија да ги уредат односите со овој Меморандум за соработка се:

1. Општина Центар-Скопје (во натамошниот текст Општината), претставувана од Градоначалникот, г. Саша Богдановиќ, и
2. ЈП „Водовод и канализација“-Скопје (во натамошниот текст Претпријатието), претставувано од Директорот, г. Душко Весковски.

### 2. Дефиниции

- Општина е единица на локалната самоуправа, согласно административно/политичката поделба на Република Северна Македонија;
- Совет на Општина Центар (во натамошниот текст Совет на Општината) е избрано колективно тело што ги претставува интересите на граѓаните на Општината;
- Градоначалник на Општината - избран раководител на Општината на непосредни локални избори, согласно закон;
- ЈП „Водовод и канализација“, претпријатие формирано од Град Скопје;
- Акти на Претпријатието - внатрешни акти, донесени од Советот на Град Скопје, како негов основач;
- Акти на Претпријатието - внатрешни акти, донесени од Советот на Град Скопје, како негов основач;
- Управен одбор на Претпријатието - тело што управува со Претпријатието, во согласност со Статутот на Претпријатието;
- Услуги за водоснабдување и одведување на отпадните

води, производство и дистрибуција на вода за пиење преку цевководен систем, собирање, пречистување и одведување на отпадни води;

- Постројки - работи за производство, пречистување, складирање и дистрибуција на вода, како и работи на собирање, пречистување и одведување на отпадни води.

## 3. Цел на Меморандумот за соработка

Со овој Меморандум за соработка се уредуваат односите меѓу Општината и Претпријатието, со цел континуирано обезбедување на услуги за водоснабдување и одведување на отпадните води со најголем можен квалитет по најекономични трошоци за граѓаните на Општината и оптимално користење на постојната инфраструктурана мрежа и постројки за вода и одведување на отпадните води, доделени на претпријатието од Советот на Општината преку Советот на Град Скопје.

## 4. Надлежности на страните

4.1. Во согласност со член 10 став 1 точка 4 алинеи 3 и 4 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04), Градот Скопје е надлежен за обезбедување услуги за снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на Градот Скопје и одведување и пречистување на отпадни води. Согласно член 7 од гореспоменатиот Закон, Општина Центар, заедно со останатите девет (9) општини, го сочинува подрачјето на Градот Скопје. Нејзините граници, односно подрачјето на Општина Центар, се утврдени во член 8 став 2 од Законот за Град Скопје.

4.2. Јавно претпријатие „Водовод и канализација"-Скопје е основано со Одлука на Собранието на Град Скопје за поделба на Јавното претпријатие „Комуналец"-Скопје, донесена 1992 година, и има својство на посебно правно лице. Конкретната мисија на Претпријатието е собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење, како и одведување на отпадни води, обезбедување здрава вода за пиење неопходна за животот на граѓаните и воопшто за функционирање и развој на Град Скопје.

## 5. Услуги што Претпријатието треба да ги врши како основна дејност

Согласно Статутот на ЈП „Водовод и канализација"-Скопје, од 21.06.2006 година, основна дејност на Претпријатието претставува извршување на следниве услуги:

- Собирање, пречистување и дистрибуција на водата за пиење;
- Одведување, пречистување и испуштање на отпадните води;
- Изградба, работење, одржување и развој на мрежата и на постројките за водоснабдување, како и за собирање, одведување и пречистување на отпадните води;
- Собирање на надоместоци од корисниците на горенаведените услуги.

## 6. Времетраење, менување и прекинување на Меморандумот за соработка

6.1 Меморандумот за соработка важи сè додека и двете страни ги исполнуваат преземените обврски;

6.2 Меморандумот за соработка може да се менува повремено, меѓутоа не почесто од еднаш годишно, по барање на една од страните или спогодбено;

6.3 Меморандумот за соработка може да се раскине спогодбено и/или еднострано и Советот на Општината треба да се донесе Одлука за тоа, во согласност со законот.

# II. Права и обврски на Претпријатието

## 7. Усогласеност со закони, регулативи, стандарди и норми

7.1 Претпријатието треба во секое време да ги почитува законите, подзаконските и внатрешните акти и методологии, стандардите и нормите во областа, како и препораките што имаат влијание врз неговите активности, особено во однос на квалитетот на водата, заштитата на животната средина и противпожарната заштита;

7.2 Претпријатието треба да го извести Советот на Општината, преку Советот на Град Скопје, за каква било промена во правната регулатива што има влијание врз неговите активности.

## 8. Спроведување на Меморандумот за соработка од Претпријатието

Директорот на Претпријатието го утврдува тимот и организацијата на Претпријатието за спроведување на преземените обврски со потпишување на овој Меморандум за соработка, како што тоа го прави и Градоначалникот на Општината за оној дел што се однесува на општинските обврски во врска со исполнувањето на Меморандумот.

## 9. Средства

9.1 Сите постојни основни средства за водоснабдување и отпадни води во сопственост на Општината му се доделуваат на Претпријатието на користење и управување, преку Советот на Град Скопје, без надоместок, во текот на времетраењето на испораката на услугите;

9.2 Капиталните средства доделени на Претпријатието од Советот на Општината преку Советот на Град Скопје, на денот на потпишување на Меморандумот за соработка ќе се наведат во Анекс 1 (Попис на основи средства);

9.3 Општина Центар ја презема обврската да изготви попис на основните средства што се наоѓаат на нејзина територија, а ги користи ЈП „Водовод и канализација", Скопје, најдоцна до 60 дена по потпишувањето на овој Меморандум, документ што воедно ќе претставува Анекс 1 од овој Меморандум за соработка.

9.4 Претпријатието се обврзува да води детален попис со соодветни вредности на сите постојни средства во секое време, вклучително и на оние што му се доделени од Советот на Општината преку Советот на Град Скопје.

9.5 Претпријатието е целосно одговорно за редовно одржување на сите постојни средства, вклучително и на оние што му се доделени од Советот на Општината преку Советот на Град Скопје;

9.6 Претпријатието треба во својот бизнис-план да ги наведе спецификациите и трошоците за рехабилитација, замена и развој на сите постојни средства, вклучително и на оние што му се доделени од Советот на Општината преку Советот на Град Скопје;

9.7 Постојните средства доделени на Претпријатието од Советот на Општината преку Советот на Град Скопје не можат да бидат отуѓени и со нив ќе се *располага* во согласност со закон.

## 10. Изградба, работење и одржување на мрежата и на постројките

10.1 Претпријатието треба да гради, работи и да ја одржува целокупната мрежа и постројките, вклучително и оние што му се доделени од Советот на Општината, во согласност со законот и на начин на кој ќе се обезбеди оптимално користење на овие основни средства (мрежа и постројки) во смисла на нивна ефикасност и животен век, а со цел да се оптимизираат трошоците за работење и одржување и да се заштити животната средина;

10.2 Претпријатието треба да ги исполни целите утврдени со овој Меморандум за соработка, посебно во однос на работењето и одржувањето.

## 11. Квалитет на водоснабдувањето и отпадни води

11.1 Претпријатието е целосно одговорно за почитување на сите релевантни стандарди и норми во однос на:

а) Квалитетот на водата за пиење дистрибуирана до населението;

б) Квалитетот на отпадните води испуштени во животната средина.

11.2 Претпријатието треба да ги следи инструкциите добиени од институциите надлежни за контрола во однос на квалитетот на водата за пиење и на одведувањето на отпадните води;

11.3 Советот на Општината, преку Советот на Град Скопје, може да побара дополнителни примероци да се испитаат од независни, јавни или приватни регистрирани лаборатории, доколку така налага состојбата;

11.4 Претпријатието треба да ги исполни утврдените цели за квалитетот на вода за пиење и на отпадни води.

## 12. Управување со корисниците

12.1. Правната врска меѓу Претпријатието и корисниците на подрачјето на Општината (како и на подрачјата на останатите 9 општини во рамките на Град Скопје) е склучен договор со корисниците во кој се наведени соодветни права и обврски на Претпријатието и на неговите корисници. Претпријатието ќе ги ажурира и дополнува постојните договори со корисниците за сите категории корисници во рок од шест (6) месеци од потпишувањето на овој Меморандум за соработка;

12.2 Претпријатието треба во секое време да обезбеди еднаков третман за сите корисници во областа на обезбедувањето на услугите, без каква било дискриминација, особено во смисла на тарифи, време на приклучување, време на реализација, време на реакција по пријавени поплаки итн. Претпријатието треба да ги исполни договорените цели за управување на испораката на услугите до корисниците.

## 13. Тарифи

Претпријатието изготвува и предлага промени и приспособување на нивото или структурата на тарифата во согласност со методологијата за поставување тарифи преку Управниот одбор до Советот на Град Скопје. За овие предлози може да се побара мислење и сугестии и од Советот на Општината што, заедно со предлогот, ќе се разгледуваат од Советот на Град Скопје пред донесување одлука по ова прашање.

# III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПШТИНАТА

## 14. Следење и надзор

14.1 Советот на Општината може да врши следење на активностите и успешноста на Претпријатието во рамките на целите уредени со овој Меморандум за соработка, а во координација со Советот на Град Скопје;

14.2 Советот на Општината ќе ги разгледува извештаите доставени од Претпријатието преку Советот на Град Скопје и по нив ќе може да дава свое мислење и препораки преку Советот на Град Скопје.

## 15. Инвестиции

15.1 Советот на Општината може информативно да го разгледува делот од планот за капитални инвестиции што се изготвува од Претпријатието и доколку има суштинска потреба за тоа, по тој дел да достави мислење и препораки до Претпријатието, преку Советот на Град Скопје.

15.2 Советот на Општината, преку Советот на Град Скопје, ќе ги следи и поддржува напорите на Претпријатието за пристапување до националните, односно интернационалните извори на финансирање и субвенции;

15.3 На барање на Претпријатието, Советот на Општината, преку Советот на Град Скопје, ќе ги разгледува потребите и можностите за давање дополнителни гаранции
за заемите што Претпријатието ги зело за инвестиции планирани во одобрениот План за капитални инвестиции, во согласност со законот.

## IV. ОДНОСИ МЕЃУ СТРАНИТЕ

### 16. Начин на меѓусебна комуникација

Во рамките на Меморандумот за соработка, директорот на Претпријатието или негов претставник, може да биде поканет да презентира документи и состојби од областа на работата на Претпријатието или да дава усни и/или писмени одговори и појаснувања по одредени прашања од важност за корисниците од подрачјето на Општината, директно на седница на Советот на Општината или, посредно, преку Советот на Град Скопје.

## V. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

### 17. Пријателско разрешување/арбитража

Страните ќе се потрудат да ги разрешат своите несогласувања по пат на преговори и пријателско разрешување, а доколку е потребно и преку посредување од органите на Град Скопје.

Овластени потписи:

| ОПШТИНА ЦЕНТАР | ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА"-СКОПЈЕ |
|---|---|
| Градоначалник | Директор |
| Саша Богдановиќ | Душко Весковски |